Уп. бр. 08-49

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од физичкото лице Филип Спасовски со адреса на ул. Кнез Трпимир бр.2 Скопје, Република Северна Македонија, доставено преку адвокат м-р Марија Блажевска Агрировски од Скопје, на седницата одржана на ден 12.04.2023 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која физичкото лице Филип Спасовски со адреса на ул. Кнез Трпимир бр.2 Скопје, Република Северна Македонија ќе стекне целосна контрола над друштвото Друштво за дистрибуција и производство на електрична енергија ЕУРОВИА СОЛАР ДООЕЛ Желино, со седиште на ул.101 бр.15, Желино, Република Северна Македонија, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 09.03.2023 година, а дополнето на ден 24.03.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на физичкото лице Филип Спасовски со адреса на ул. Кнез Трпимир бр.2 Скопје, Република Северна Македонија, со која физичкото лице Филип Спасовски ќе стекне целосна контрола над друштвото Друштво за дистрибуција и производство на електрична енергија ЕУРОВИА СОЛАР ДООЕЛ Желино, со седиште на ул.101 бр.15, Желино, Република Северна Македонија, преку купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото

го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-**Филип Спасовски** е физичко лице кое се јавува како сопственик на следните правни лица:

-Друштво за графичка дејност, трговија и услуги ПОЛИЕСТЕРДЕЈ ДООЕЛ експорт импорт Скопје, со седиште на адреса ул. 1552 бр. 10, Скопје и со приоритетна дејност - друго печатење;

-Трговско друштво за застапување, услуги и трговија на големо и мало АКЦЕНТ МЕДИА Национална рекламна агенција о.о. ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со седиште на ул.Никола Тримпаре 39 лок.1 Скопје и со приоритетна дејност - огласување преку медиуми;

-Друштво за трговија и услуги ПОЛИ СОЛАРИС ДООЕЛ Скопј, со седиште на адреса ул. 1552 бр. 10, Скопје и со приоритетна дејност-производство на електрична енергија.

Исто така физичкото лице Филип Спасовски поседува 50% од уделите во: Друштво за графичка дејност, трговија и услуги ДАТА ПРИНТ експорт импорт ДОО Скопје, со седиште на адреса ул. 1552 бр. 10, Скопје и со приоритетна дејност - друго печатење;

-**ЕУРОВИА СОЛАР ДООЕЛ *Желино*** е друштво за производство на електрична енергија. Друштвото има намера својата претежна дејност да ја обавува на територијата на Република Северна Македонија преку изградба на фотоволтаични електроцентарали кои се градат на земја согласно важечката законска регулатива.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 в) i) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство: против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**